# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Постапувајќи согласно одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 4 став 1 точка 10, како и во согласност со Стратегијата за родова еднаквост 2022–2027 година, и Националниот акциски план, Општина Крива Паланка и во текот на 2025 година, континуирано ги интегрираше принципите на родова еднаквост во своето институционално работење и развојно планирање. Како единица на локалната самоуправа, преку остварување на своите законски надлежности и преку активна координација со локални, национални и меѓународни чинители, општината придонесува кон намалување на родовите нееднаквости и унапредување на еднаквите можности за сите граѓани. Родовиот концепт системски се вградува во процесите на стратешко планирање, годишно оперативно програмирање и родово одговорно буџетирање, преку подготовка на локални политики, оперативни планови, програми и проекти.

Во текот на 2025 година, сите годишни оперативни програми донесени и усвоени од Советот на Општина Крива Паланка, се изработени со примена на родово сензитивен јазик, утврдени родови индикатори и соодветна родово одговорна алокација на буџетските средства. На транспарентен и отчетен начин се спроведува процесот на планирање и реализација, со што се обезбедува доследна имплементација на родовата перспектива во сите сфери на локалното управување.

Дополнително, институционалната посветеност на родовата еднаквост се потврдува преку примената на  Процедура за планирање, изработка, донесување и реализација на годишните оперативни програми и Протоколот за комуникација и еднакви можности помеѓу мажите и жените во Општина Крива Паланка кои се дел од Системот за управување со квалитет во општината,  стандард – ИСО 9001-2015, со што се обезбедува систематизиран, транспарентен и одржлив пристап во спроведувањето на политиките за еднакви можности.

**Согласно ,,Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027,,** се креираат политиките, целите и оперативните годишни планирања и програмирања.

Во годишната оперативна **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 г. а со цел етаблирање на патот на родова рамноправност во општината, беа дефинирани стратешките области на работа и цели за 2025 година.**
Во текот на 2025 година голем број активности беа реализирани, кои се во насока на исполнувањето на дефинираните цели и тоа:



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

1. Првата цел – **Вклучување на родовата перспектива, како интегрален дел од процесот на креирање на политики во стратешкото планирање и оперативното програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства**.
Во последните неколку години една од главните програмски цели, а со тоа и главна задача на општината и за 2025 година, беше насочена кон целосно вклучување, интегрирање на родовата перспектива во стратешкото планирање и оперативно програмирање, на локалните политики и буџетска алокација на средства.

- ✓ *Усвоени родово одговорни политики и родово сензибилизирани стратешки и развојни документи на општината со анализа од родов аспект согласно ,,Родово одговорната СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027*

- ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН за периодот 2025-2030 година
- Интегриран локален развоен план 2024-2027
- Социјален план 2025-2031 година за територија на Општина Крива Паланка

- ✓ *Вклучување на родовиот концепт во процесот на краткорочното планирање, односно годишно оперативно креирање на буџетот, локалните политики и годишните оперативни програми и проекти во општината.*

Согласно Статутот на општината со организирање на Форумот се јакне граѓанското учество во креирањето и носењето на локалните политики со алокација на средствата, водејки сметка за различните потреби и приоритети на граѓаните и граѓанките.
Неколку години по ред општината самостојно го организира и реализира ,,**Родово одговорниот буџетски форум,,**. Координаторката за еднакви можности е дел од тимот за организација и реализација на истиот заедно со модераторката. Модераторката е сертифициран модератор на ЗЕЛС за Форуми во заедницата и заменик координатор за еднакви можности во општината.
Во периодот од 15.11 до 25.11.2025 година, во општина Крива Паланка се реализираше буџетскиот форумски процес, за подготовка на буџетот на општината за 2026 година ,заедно со граѓаните. Поради кратките рокови и временскиот теснец по одржувањето на локалните избори, оваа година буџетскиот процес е делумно изменет, во споредба со претходните години, со тоа што го намаливме бројот на форумските сесии, но воведовме две нови алатки ( онлаин анкета и анкетен прашалник за предлози) и тоа:
1. Онлајн анкета, достапна преку веб-страницата на општината и официјалните профили на социјалните медиуми.
2. Можност за лично доставување предлози, преку пополнување анкетен прашалник во Општинскиот услужен центар – архивата на општината.
Со овие дополнителни алатки се овозможи граѓаните да дадат свој придонес во креирањето на локалните политики, без оглед на времето, динамиката или можноста физички да присуствуваат на форумските сесии.

Вкупно 54 предлози беа дадени од граѓаните и граѓанките во буџетскиот

форумски процес,  од кои 14 се повторуват, за  2 општината нема ненадлежност – вкупно 38 предлози,  од кои општината согласно можностите  прифати  30 или 82 %.

- Во областа Јавни дејности - култура, спорт, образование, млади и социјални работи во Општина Крива Паланка  за 2026 година прифатени 9 предлози.
- Во областа Економски развој и туризам во Општина Крива Паланка  за 2026 година прифатени 2 предлози.
- Во областа Комунални дејности во Општина Крива Паланка  за 2026 година прифатени 17 предлози.
- Во областа Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина за 2026 година прифатени 2 предлози.

Вкупно доставени предлози за буџетот  на општината преку онлине анкетата се 20 (30% се доставени од жители од руралните средини) од кои дел од буџетот за следната година се 12 предлози  ( 60 %)

- Во областа Комунални дејности во Општина Крива Паланка за 2026 година доставени online на ВЕБ страната на општината прифатени 10 предлози.
- Во областа Јавни дејности - култура, спорт, образование, млади и социјални работи доставени online на ВЕБ страната на општината прифатен 1 предлог.
- Во областа Економски развој и туризам доставени online на ВЕБ страната на општината прифатен 1 предлог.

Во Општинскиот услужен центар – архива на општина од граѓаните и гранките на Општина Крива Паланка се дадени вкупно 15  предлози од неформални групи на жени од руралните средини од кои  6 ( 40%) директно ќе бидат предмет на буџетот за следната 2026 година.

- Во областа Комунални дејности во Општина Крива Паланка за 2026 година доставени преку архивата на општината прифатени 3 предлози.
- Во областа на Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина за 2026 година доставени преку архивата на општината прифатени 3 предлози.

Во континуитет, Форумскиот процес,  претставува модел за креирање програми врз основа на приоритетите на граѓаните/ките и е насочен кон реализација на капитални и круцијални проекти, како и кон системско решавање на проблемите во заедницата, водејќи сметка за потребите на секој граѓанин и граѓанка, со што директно придонесува кон намалување на родовата нееднаквост и унапредување на истата на локално ниво.

**Процесот резултираше со усвојување од Советот на Општина Крива Паланка „РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТ ЗА 2026 година,, на општината во консултација – заедно со  граѓаните/ките .**

Сите оперативни годишни буџетски програми на Општина Крива Паланка за 2026 година, се родово одговорни и содржат родови индикатори, при што во нив е интегриран родовиот концепт и анализа на различните потреби и приоритети на жените и мажите, младите, повозрасните лица и другите категории граѓани.

Како општина со имплементиран систем за управување со квалитет,  ИСО 9001-2015, постапуваме  согласно воспоставените стандарди, интерни акти и процедури.
Во таа насока, примената на ,,Протоколот за комуникација и еднакви можности помеѓу мажите и жените во Општина Крива Паланка,, како и ,,Процедурата за планирање, изработка, донесување и реализација на годишни оперативни програми,

обезбедува системско интегрирање на родовата перспектива во планирањето, спроведувањето и известувањето, односно задолжително вградување на родови индикатори во програмите и извештаите.

Унапредувањето на родовата еднаквост претставува континуирана стратешка определба и составен дел од институционалното работење на Општината, насочено кон градење заедница на еднакви граѓанки и граѓани.
**Сите донесени и усвоени Програми од страна на Советот на општината за 2026година се родово сензитивни и со родови индикатори.**

- ✓ Линк : https://www.krivapalanka.gov.mk/programski-dokumenti

Во рамките на овој извештај се презентираат резултатите од поединечните програми со родово сензитивни показатели, со посебен осврт на мерките и активностите кои директно или индиректно влијаат врз унапредување на родовата еднаквост. За истите се дадени статистички показатели и анализи на податоци разделени по пол, со цел објективно следење на опфатот, ефектите и влијанието на спроведените мерки.

2. Втората цел - **Промоција на родовата еднаквост, како вредност преку информативни кампањи, настани, манифестации како и јакнење на локалните капацитети (КЕМ, интерсекторската група, општинската администрација, НВО и другите засегнати страни)**

Во рамки на реализацијата на оваа цел, Општината се јавува во различни улоги, во зависност од носителот и карактерот на активностите, како партнер, институционална и логистичка поддршка или активен учесник преку координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на мажите и жените.

Се поддржуваат и промовираат иницијативи за образовни институции, граѓански организации и други релевантни субјекти кои спроведуваат активности и проекти насочени кон унапредување на родовата еднаквост, инклузијата и еднаквите можности. Општината придонесува преку координација, мобилизација, зголемување на видливоста и обезбедување институционална поддршка, во согласност со своите надлежности.

На иницијатива на координаторката за еднакви можности во соработка со UN Women, Домот на култура Иван Мазов Климе-Кавадарци во режија на Микица Илива на 15.09.2025 година во  НУЦК- Крива Паланка беше прикажана монодрамата „**Кротка**“.

Со реализацијата на монодрамата „Кротка“, адаптација на делото од Фјодор Михајлович Достоевски, се поттикна јавната свест и општествен дијалог за родовата еднаквост, емоционалното насилство и важноста на заемната почит и емпатија во партнерските односи.

Во рамки на проектот на НАЛАС „**Вклучување на родовата перспектива во локалната испорака на услуги во земјите на Југоисточна Европа преку НАЛАС**“, а имплементиран во партнерство со UN Women  координаторката за еднакви можности заедно со уште еден член на општинската организација од секторот урбанизам и заштита на животната средина го завршија Е-курсот, со цел зајакнување

на капацитетите на општините и општинската администрација во областа на еднаквите можности на жените и мажите за развивање на услуги со вклучен аспект на еднаквите можности при развивање и испорака на услуги.

Во рамки на истиот проект е развиена и мерка која е дел од годишно оперативната програма за еднакви можности на мажите и жените за 2026 година на општината.

На 24.11.2025 во големата сала на Општина Крива Паланка реализирана обука „**Финансиска писменост и женски економски права**" посветена на јакнење на економските права на жените и развивање практични финансиски вештини, во рамки на проектот "Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан (Economic Inclusion and Justice for Women of the western Balkans- EWI)", финансиран од од Австриската агенција за развој (ADA), а го спроведува Хуманитарното здружение „Мајка" од Куманово, каде беа обучени 10 жени и двајца мажи на теми поврзани со економското зајакнување на жените, родовиот јаз во платите и финансиската писменост.

Во рамки на проектот „**Активни жени**", кој го спроведува Хуманитарното здружение „Мајка" од Куманово во партнерство со Регионалниот центар за соработка Спектар – Крива Паланка (RCC Spectar), Регионалниот центар за одржлив развој – Кратово и Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија – Куманово, а финансиран од Владата на Швајцарија преку програмата Civica Mobilitas, во општина Крива Паланка беа одржани серија работилници со директно учество на 30 жени од руралните средини Конопница, Мождивњак и ДурачкаРека/Станци. Дополнително, беа реализирани и две регионални средби со жени од руралните средини од Кратово и Куманово. Овие активности резултираа со конкретни идеи и иницијативи, како и со поднесување на 15 предлози во рамки на буџетскиот процес. Од нив, шест предлози се прифатени од страна на општината и ќе бидат вклучени во буџетот за 2026 година.

Преку реализација на вакви проекти на територија на општина Крива Паланка се постигнува унапредување на родовата рамноправност и се создаваат услови за поактивно и суштинско вклучување на жените во процесите на донесување одлуки, особено во буџетското планирање на локално ниво.

Проектот придонесе за зголемување на учеството на жените во јавните политики преку јакнење на нивните капацитети, едукација, размена на искуства и заедничко идентификување на приоритети. Преку работилниците и регионалните средби се создаде простор жените од руралните средини да ги препознаат своите права и можности за влијание, да ги артикулираат своите потреби и да иницираат конкретни предлози во рамки на буџетскиот процес, од кои дел се прифатени во општинскиот буџет.

Особено значајно е активното учество на координаторката за еднакви можности на работилниците и регионалните средби, што овозможи директна комуникација, подобро разбирање на потребите и предизвиците на жените од руралните средини и зајакнување на институционалната поврзаност. Истовремено, се поттикна меѓуопштинска соработка и солидарност, при што се зајакна мрежата на жени кои заеднички делуваат за подобрување на условите во своите заедници.

Со ваквиот пристап, жените од руралните средини од пасивни набљудувачи се позиционираат како активни чинители во локалниот развој, што претставува значаен

чекор кон поинклузивно управување и постигнување поголема родова рамноправност.

Во рамки на проектот „Здружени за активно граѓанство„ кој го спроведува НВО Инфоцентар Скопје, со поддршка од Европската унија, РЦС Спектар спроведе локална акција „**Медиумска писменост во третото доба – Вистината не старее**“ во соработка со Дневниот центар за престој на стари лица со активно стареење при ООЦК Крива Паланка (корисници на центарот, пензионери, лица од трето доба – околу 40 лица (70% жени)). Целта на акцијата беше унапредување на медиумската писменост кај постарите лица преку информирање, истражување и едукација со цел подобро разбирање на современите медиуми и заштита од дезинформации.

Одржана е и едукативната работилница со истакнат медиумски работник за препознавање на дезинформации, критичко размислување и безбедно користење на социјалните мрежи и подготовка и публикација на медиумски прилог на онлајн порталот Куманово њуз.

Во рамки на истиот проект Центарот за аудио визуелни уметности Крива Паланка, реализираше и локален настан „**Достоинствена старост низ фотографии кои раскажуваат**“ кој опфати едукативни работилници за фотографија и зајакнување на дигиталните вештини кај лицата од третото доба, спроведени од професионален фотограф. Настанот резултираше со изложба на создадените фотографии во EU House Крива Паланка.Беа опфатени околу 30-тина жени од Дневниот центар за престој на стари лица со активно стареење при ООЦК Крива Паланка, кои за првпат се едуцираа од областа на креативното создавање фотографии, поттикнување на културното учество и зајакнување на дигиталните вештини и дигиталната писменост.

Буџетските единки, постапувајќи согласно своите годишни програми, спроведоа активности и едукативни работилници насочени кон промоција на родовата рамноправност, подигнување на свеста за еднакви можности, спречување на дискриминација и превенција и заштита од врсничко насилство (булинг). Реализираните активности се јавно објавени и достапни на нивните веб-страници.

Во текот на годината општинската администрација, членовите на КЕМ, координаторката и заменик координаторката на еднакви можности земаа учество и на други обуки и семинари односно 24 настани за стручно усовршување на вработените.
Настаните ги проследиле : раководни жени 8, нераководни жени 13, раководни мажи 15, нераководни мажи 148; а согласно на групите ги посетиле административни службеници и пожарникари.
Области на стручно усовршување кои беа опфатени се следните финансии, локален економски развој, родова еднаквост, сообраќај, комунална инфраструктура, даноци, такси и други надоместоци, човечки ресурси, еднакви можности, заштита на животна средина, урбанизам, заштита и спасување и друго.

3. <u>Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност:</u>

Редовно се публицираат информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми.

Редовната публикација на активности и материјали за родова рамноправност може да помогне во подигање на свеста, поттикнување на инклузивни политики и ангажирање на заедницата и со тоа локалната власт да стане двигател на позитивни промени и да обезбеди транспарентност и инклузивност во процесот на родовата рамноправност.

**20.02.2026 г.**
**Изработил**
Координаторка за еднакви можности
на мажите и жените
**Гордана Ристовска**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**САШКО МИТОВСКИ**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО**
**ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Буџетска програма: РОДОВА ЕДНАКВОСТ X10** | | | |
| **1** | **ЦЕЛ:** Вклучување на родовата перспектива, како интегрален дел од процесот на креирање на политики во стратешкото планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства. | | |
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Буџет мкд** |
| **1.1 Обезбедување на одржливост на вклучувањето на родовата перспектива во стратешкото планирање на локалните политики, плански и развојни документи на општината** | 1. - Изготвен годишен Извештај за напредокот на полето на родовата рамноправност<br>Февруари 2025<br>- Процедура за планирање, изработка, донесување и реализација на годишните оперативни програми и - Протоколот за комуникација и еднакви можности помеѓу мажите и жените во Општина Крива Паланка; | Јануари 2025 | Без буџетски импликации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.2 Родово одговорно буџетирање на локално ниво преку родово сензитивно планирање на расходите во оперативните годишни буџетски програми на општината за 2025 г.** | - Донесени и усвоени годишно оперативни програми за 2026 година со родово сензитивен јазик и родови индикатори согласно Процедура за планирање, изработка, донесување и реализација на годишните оперативни програми<br>- Реализиран Родово Одговорен буџетски Форум за Буџетот на општина Крива Паланка за 2026 година | Ноември 2025 | **14 000,00** |
| **Вкупно** | | | **14 000,00** |
| **2** | **ЦЕЛ:** Промоција на родовата еднаквост, како вредност преку информативни кампањи, настани, манифестции како и јакнење на локалните капацитети (КЕМ, интерсекторската група општинската администрација, НВО и други засегнати страни) | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Буџет мкд** |
| **2.1 Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите** | - Реализација на монодрамата „**Кротка**“ ја проследија 30 граѓани од кои 26 жени и 4 мажи.<br>- Налас Е Курс во рамки на проектот „Вклучување на родовата перспектива во локалната испорака на услуги во земјите на Југоисточна Европа преку НАЛАС“ Обучени 2 административни службенички<br>-Одржана обука за „Финансиска писменост и женски економски права“ на еднаквите можности за сите. Обучени 10 жени и 2 мажи | Септември 2025<br>Август- Септември 2025<br>Ноември 2025 | Без буџетски импликации<br>Без буџетски импликации<br>Без буџетски импликации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Одржани серија на работилници во склоп на проектот „**Активни жени**“.<br>Директно вклучени 30 жени од рурални средини. | | Без буџетски импликации |
| **Вкупно** | | | **0,00** |
| **3** | **ЦЕЛ:** Публикација на активности и материјали за родова рамноправност на локално ниво | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Буџет мкд** |
| **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности** | - Публицирање на информации преку веб страната на општината, фејзбук страната на општината и други форми на дисеминација на информации | Континуирано 2025 | **0,00** |
| **Вкупно** | | | **0,00** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | **14 000,00** |

**Датум/место**
**20.02.2026**
**Крива Паланка**

Координаторка за еднакви можности
**Гордана Ристовска**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**САШКО МИТОВСКИ**